Република Северна Македонија
**Министерство за економија**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Ekonomisë**

Сектор за координација на активностите на министерот
Departamenti i koordinimit të aktiviteteve të ministrit

**Архивски број:** 14-2753/2
Скопје, 14-06-2021 2021 година

**Предмет:** Одговор на барање

Почитувани

На ден 05.06.2021 година во архивата на Министерството за економија пристигна барање за пристап до информации од јавен карактер, заведено под наш број 14-2753/1, пратено до Царинската управа, заведено со архивски број 27-026196/20-0004 од 25.05.2021 година, доставено од Трајче Величковски во кое се бараат следните информации од јавен карактер, а кои се во надлежност на Министерството за економија:

- До кога важи намалувањето на 50%од утврдената вредност на сите давачки при увоз на возила со странски регистарски таблици посебно во член 4 од Законот за регистрација на возила со странски регистарски таблици на територијата на Република Северна Македонија (поконкретно за возила од Република Бугарија).
- Доколку во рок од една година не се направи регистрација на возило со странски регистарски таблички на територијата РСМ и истото се користи односно дали граѓаните на Република Северна Македонија ќе можат да ги возат овие возила во државата како и досега и под кои услови.

По однос на Вашето доставеното Барање за ЗАКОН ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ВОЗИЛА СО СТРАНСКИ РЕГИСТАРСКИ ТАБЛИЦИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА( Службен весник на РСМ бр. 305/20) Во членот 2 од законот став (2) кој се однесува на барање за регистрација каде се посочува на барањето од став (7) Барањето за регистрација од ставот (1) на овој член, може да се поднесе во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон. Што значи дека се однесува за поднесок на барање за регистрација и е поврзано со член 3 од законот кој се однесува за исполнување на условите кој може да поднесе барање . И согласно овој закон трае 6 месеци .
Започнатите постапки во периодот од шест месеци од стапување на сила на овој закон односно е поднесено барање за регистрација и за царинење, треба да завршат согласно посочениот закон во рок од година дена.
Во однос на второто прашање за постапките за царинење и плаќањето на даноци и дали може

возилото да се вози Министерство за економија нема надлежност .

**Напомена : ЗАКОН ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ВОЗИЛА СО СТРАНСКИ РЕГИСТАРСКИ ТАБЛИЦИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА( Службен весник на РСМ бр. 305/20)** , Министерство за економија го предлага а Собрание на РСМ го носи и објавува во Службен весник на РСМ. Согласно ова Министерство за економија нема надлежност да го толкува дадениот закон и други закони . Се постапува согласно објавениот закон во Службен весник

,,Член 2

(1) Сопственикот или корисникот, односно лицето овластено за отуѓување на возилото или лицето кое ќе го купи возилото кое ги исполнува условите од членот 3 став (1) од овој закон, регистрацијата ја врши врз основа на поднесено барање за регистрација.

(2) Со барањето од ставот (7) на овој член се поднесуваат следниве писмени докази за:

1. потекло на возилото;
2. сопственост на возилото;
3. регулирани царински и даночни обврски за возилото;
4. потврда за сообразност или согласност за регистрација, ако се работи за возило за кое треба да има таква потврда или согласност, согласно со одредбите од Законот за возила;
5. техничка исправност на возилото, освен за возило за кое техничкиот преглед не е задолжителен, согласно со членот 50 од Законот за возила;

Службен весник на РСМ, бр. 305 од 22.12.2020 година 2 од 3

6. запис од измерени вредности од емисиите на издувни гасови на возилото;
7. запис за техничката исправност на системот за сопирање на возилото;
8. запис за техничката исправност на системот за управување на возилото;
9. извршено осигурување, платени такси, регулирани давачки на име надоместоци за користење на јавните патишта и за заштита на животната средина и други обврски пропишани со закон;
10. извршена одјава на возилото од надлежниот орган во кој е извршена претходната регистрација;
11. статус на возило со историска вредност (олдтајмер) и
12. АДР сертификат за извршено испитување на возило за превоз на опасни материи во патниот сообраќај.

(3) Доказите од ставот (2) точките 3, 4 и 8 на овој член се поднесуваат само при првата регистрација на возилото во Република Северна Македонија.

(4) Доказот од ставот (2) точка 4 на овој член не се поднесува при регистрација на возило со историска вредност (олдтајмер).

(5) Возило нема да се регистрира и покрај приложениот доказ од ставот (2) точка 4 на овој член доколку органот за одобрување го извести Министерството за внатрешни работи дека возилото припаѓа на тип на возила кои и покрај издаденото одобрение на тип претставува опасност за сообраќајот на патиштата.

Република Северна Македонија
**Министерство за економија**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Ekonomisë**

Сектор за координација на активностите на министерот
Departamenti i koordinimit të aktiviteteve të ministrit

(6) Доказите од ставот (2) точки 5, 6, 7 и 8 на овој член се заверуваат од двајца стручни работници – контролори од правното лице за вршење технички преглед на возила.
(7) Барањето за регистрација од ставот (1) на овој член, може да се поднесува во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.
,, Член 3
(1) Возилата, за кои е поднесено барањето за регистрација од членот 2 став (7) од овој закон во рокот предвиден во членот 2 став (7) од овој закон, задолжително треба да ги исполнуваат следниве услови:
- сопственикот или корисникот, односно лицето овластено за отуѓување на возилото или лицето кое ќе го купи возилото да ги има регулирано царинските и даночните обврски за возилото во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон и да поседува важечка сообраќајна дозвола, осигурување и зелен картон;
- да влегле на територијата на Република Северна Македонија до 1 октомври 2020 година.

**Со почит,**

**Kreshnik Bekteshi**
**МИНИСТЕР,**
**MINISTËR**

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
MINISTRIA E EKONOMISË
Скопје-Shkup

Изработил/Përpiloi:Бранкица Ѓорѓиев, Brankica Gjorgjiev
Одобрил/ Aprovoi:Александра Спасевсска, Aleksandra Spasevska
Согласен/Miratoi: Razmena Cekic-Durovic, Размена Чекиќ-Дуровиќ